# Христијан Мицкоски : Голем ден за нашата света Македонска Православна Црква - Охридската Арх

Вторник, 24 Мај 2022 12:18




Христијан Мицкоски : По повод одлуката од соборот на Српската православна црква за признавање на автокефалноста на Македонската православна црква – ОА ја упати следната порака: Нашата црква мора да е обединета, нашиот Синод, свештеството, исто како што мора да биде обединет и нашиот народ, и тогаш сите искушенија, бури и премрежја ќе бидат премостливи. Да продолжиме да чекориме обединето.

Честитки за мудроста, обединетоста и достојноста на Синодот и неговото блаженство г.г. Стефан, за градењето на мостови, за бранењето на нашиот идентитет и вредности во кои веруваме, за премостените децениски и вековни јазови.

После одлуката на Вселенската патријаршија, како и оваа денес, сведоци сме на историја важна за нашиот народ и нашата Македонија!

Нека е за многу години!